20202783746

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член член 9 став 1 под б точка 3 и став 3, член 33, член 35 и член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување („Сл.весник на РМ“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016, 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 октомври 2020 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала („Сл. весник на РМ“ бр. 33/2011, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 84/2012, 159/2012, 151/2013, 10/2014, 113/2014, 189/2014, 1/2015, 46/2015, 211/2015, 158/2016, 45/2018, 129/2018, 160/2018, 228/2018, 10/2019, 20/2019, 44/2019, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 82/2019, 222/2019, 239/2019 и 31/2020), во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот од табелата ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ, за ортопедското помагало вид 1, шифра 1316, во колоната „Назив на помагалото, материјал, резервни делови“ зборовите: „Хидраулично повеќеосовинско колено со микропроцесорска регулација“ се заменуваат со зборовите: „Пневматско колено со микропроцесорска регулација“.

Член 2

Во шифрарникот на ортопедски помагала, во делот од табелата ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ, за ортопедското помагало вид 1, шифра 1316, во колоната „Назив на помагалото, материјал, резервни делови, потрошен материјал“ зборовите „Хидраулично повеќеосовинско колено со микропроцесорска регулација“ се заменуваат со зборовите „Пневматско колено со микропроцесорска регулација“.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-13293/11
21 октомври 2020 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Дејан Николовски, с.р.